Најчести прашања во врска со новото упатство за достава на електронски фајлови од ПЗУ аптеки

Прашање 1. На кој начин се пополнува колоната "износ по основ за ослободување од партиципација"?

Одговор 1. Во оваа колона се внесува разликата помеѓу пресметаната и наплатената партиципација

Прашање 2. Да се објасни начинот на класификација на рецептите според ранговите и според приоритетот.

Одговор 2. Поделбата на рецептите е строга и тоа според овие правила:

- Сите скапи лекови имаат ранг 3 без разлика дали се за странски осигуреници, или се пропишани од дежурна служба (ако постои таков лек). Поделбата во оваа фактура се врши само на ослободени од партиципација или не ослободени од партиципација. Овие лекови мора да се во една фактура бидејќи не влегуваат во квотата.
- Во фактурите за странските осигуреници влегуваат лекови кои не се од групата на скапи лекови, а се пропишани на странски осигуреници без разлика дали се пропишани во дежурна служба.
- Рецептите кои се пропишани од дежурен лекар за осигуреници кои се ослободени од партиципација се ставаат во спецификација за дежурен лекар.

Прашање 3. Која цена треба фармацевтот да ја запише на рецептниот образец?

Одговор 3. Фармацефтот на рецептот при реализација на рецептот ја запишува референтната цена + ДДВ.